| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Џејмс Ф. Џекел, Дејвид Л. Кац, Џоан Џ. Елмор, Доротеа М. Џ.Вајлд | Епидемиологија, биостатистика и превентивна медицина | Табернакул | 2010 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Стоматолошки апарати и опрема** | | | |
| 2. | Код | ДМИАО2 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,<br>Стоматолошки факултет – Скопје,<br>Катедра за стоматолошка протетика | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 2 | семестар | 3 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 2 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од прва година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот да се запознае со стоматолошките апарати и опрема кои се потребни за функционирање на една стоматолошка ординација и изведување на стоматолошката дејност.<br>Студентот се стекнува со знаење за техничките карактеристики, начинот на употреба и во која област од стоматологијата одреден апарат или опрема може да се користи. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава - предавања**<br>**1. Вовед во стоматолошки апарати и опрема, терминологија...1 час**<br>Резултати: студентот се воведува во предметот, методските единици кои ќе бидат презентирани и се запознава со „Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи“ одобрен од Министерството за здравство. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. **Дентална единица - стоматолошка столица...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со техничките карактеристики на стоматолошката столица, составните елементи и системите за поддршка и нивната намена, со цел ергономско работење на стоматологот, стоматолошката сестра и правилно и удобно седење на пациентот.<br>3. **Компресори и дентални (насадни) инструменти...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со техничките карактеристики и намената на компресорите, микромоторите, денталните турбини, колениците, насадниците за екстра-орална пракса, како и инструментите што се користат со наведените насадни инструменти.<br>4. **Повеќенаменски дентални инструменти...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со ултразвучни апарати и насадни инструменти што служат за машинска ендодонција, ретрограден третман на коренските канали, препарација на забите за изработка на коронки и кавитети за изработка на инлеи и онлеи.<br>5. **Стоматолошки апарати за воздушна абразија...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со различни системи за воздушна абразија со екстра-орална или интра-орална намена, што користат различни типови на абразивен материјал во зависност од супстратот кој се третира: алуминиум оксидни зрна, калциум карбонат и натриум карбонат, глицин, како и алуминиум оксидни зрна обложени со силициум диоксид.<br>6. **Дијагностички апарати за тврди забни супстанци...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со повеќенаменски апарати кои без користење на Х-зраци овозможуваат сигурно детектирање на кариозни лезии и во најраните фази, детектирање на плак и конкременти.<br>7. **Дијагностички апарати за меки орални ткива...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со апарати со кои се спроведува скрининг на оралната мукоза и се овозможува визуелизација на абнормалностите на оралната мукоза и рано детектирање на предмалигните дисплазии и оралните карциноми.<br>8. **Апарати што се користат во ендодонцијата...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со апарати со кои се испитува виталноста на пулпата, се одредува должината на коренските канали, овозможуваат детекција на перфорации на ѕидот на корените и детерминирање на позицијата на апикалниот отвор. Во текот на предавањето, студентот ќе се запознае и со повеќенаменски апарат со кој може да се одреди одговорот на пулпата на термички дразби, оптурација на коренските канали, каутеризација на ткивото и локализирана коагулација.<br>9. **Лампи за полимеризација на композитни материјали, радиометар...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со лампи што се користат за полимеризација на композитни материјали, но и апарат со кој може да се измери јачината на светлината со која се врши полимеризацијата.<br>10. **Апарати што се користат при протетички / ортодонтски третман...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со апарати што служат за отстранување на фиксни протетички реставрации, автоматско замешување на отпечаточни материјали, за регистрирање на загризната сила и дигитален систем за анализа на оклузијата, како и апарат за вакуумско обликување на фолии за различна намена.<br>11. **Апарати што се користат при пародонтален третман..1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со апарати за полирање на забните површини, ултразвучно отстранување на супра- и субгингивални депозити, повеќенаменски апарати кои, со различни додатоци, можат да се користат во различни специјалности, како и апарати за одредување на фокуси.<br>12. **Апарати што се користат при орално-хируршки третман...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со елементите на орално-хируршка единица (хируршки мотор, контролна табла, хируршки насадник, носач за иригација), апарат за термокаутеризација.<br>13. **Дигитални Рентген апарати...1 час** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати: студентот се запознава со апарати за екстраорално (ортопантомографи 2-Д и 3-Д) и интраорално снимање.<br>**14. Ласери во стоматологијата...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со техничките карактеристики и индикациите за примена на „меките“ и „тврдите“ ласери.<br>**15. Дигитална клиничка стоматологија: „chair-side“ CAD-CAM и 3-D печатење...1 час**<br>Резултати: студентот се запознава со најсовремените технологии за изработка на протетички реставрации и ортодонтски апарати и помагала што можат да се користат во стоматолошките ординации.<br><br>**Вкупно: ........................................................................... *15часа***<br><br>**Семинари**<br>За секоја од горенаведените теоретски методски единици студентите ќе направат истражување на литературата и ќе подготват семинарски трудови за апаратите и опремата што се користат во различни специјалности на стоматолошката пракса, а кои ќе ги презентираат пред колегите студенти и одговорниот наставник.<br><br>**Вкупно: ........................................................................... *15 часа*** |
| 13. | Заемна поврзаност на предметите | Поврзаност со сите клинички предмети каде се напоменуваат стоматолошките апарати што се користат при изведувањето на клиничката дејност. |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, демонстрирање на апаратите и опремата во клиничките ординации, самостојно истражување, работа во мали групи при подготовката на семинарите, работа во голема група при презентирањето на истите. |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 60 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава: часови | 15 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), **семинари**, тимска работа: часови | 15 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 30 |
| 18 | Услови за потпис | Присуство на 60% од предавањата и изработка на семинарска работа | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 40 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна на студентите, проценка на постигнатиот успех на студентите и проодност на студентите кои го положиле предметот. | |
| 22. | Литература | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Емилија Бајрактарова Ваљакова | Стоматолошки апарати и опрема | Емилија Бајрактарова Ваљакова | 2025 |
| | | 2. | Соња Апостолска | Ергономија | Соња Апостолска | 2014 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Социјална медицина | | | |
| 2. | Код | ДМИСМ2 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,<br>Медицински факултет – Скопје,<br>Катедра за социјална медицина | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 2 | семестар | 3 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 2 | | | |
| 8. | Наставник | Раководител на Катедра: Проф. д-р Фимка Тозија<br>Одговорен наставник: Проф. д-р Фимка Тозија<br>*Наставата ја изведуваат сите наставници од Катедрата за социјална медицина | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | • Запознавање со основните принципи на социјалната медицина<br>• Организација и евалуација на здравствени системи<br>• Здравствен менаџмент<br>• Економика во здравство<br>• Квалитет на здравствена заштита<br>• Превенција и здравствена заштита на вулнерабилни групации на населението | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br><br>**1. Поглавје: основи на социјална медицина (2 часа)**<br>- Социјална медицина како наука, дефиниција;<br>- Социјалномедицински метод, концепти, цели, подрачје на активност, предмет на проучување на социјална медицина<br>- Евалуација на здравје и здравствена состојба на населението;<br>- Информатика, статистика и евиденции во здравството.<br><br>**2. Поглавје: социјални болести (4 часа)**<br>- Социјално медицински аспекти на хронични заболувања (кардиоваскуларни болести, малигни неоплазми, болести на зависност, дијабетес мелитус); | | | |